Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 0801 – 404/4
23-12-2021 година

Постапувајќи по претставката бр. 0801-404 од 23.11.2021 година, поднесена од [redacted] против Јавно сообраќајно претпријатие Скопје, за сторено вознемирување врз основа на возраст, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Комисија) (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 21.12.2021 години, го донесе следното

МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на возраст сторена од вработен во Јавното сообраќајно претпријатие – Скопје, врз лицето [redacted] во пристапот до добра и услуги.

*Образложение*

На 23.11.2021 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на Хелсиншки комитет за човекови права против Јавното сообраќајно претпријатие Скопје, за сторено вознемирување врз основ на возраст врз лицето [redacted] од страна на возач вработен во ЈСП.

Во поднесената претставка се наведува дека на 13.11.2021 година, при користење на јавниот автобуски превоз на релација Центар - Лисиче, [redacted] бил вербално нападнат и избркан од автобусот од страна на возачот. Подносителот во претставката изнесува дека возачот вербално го нападнал и го навредувал затоа што ја пропуштил станицата на која требало да слезе. Според тврдењето, на последната станица шоферот го натерал подносителот да излезе од автобусот, не му дозволувал да влезе иако надвор било ладно а на повторното влегувањето уште еднаш го натерал да ја валидира пензионерската карта. Подносителот на претставката тврди дека поднел поплака до ЈСП со цел да може да поведе судска постапка.

Комисијата во согласно член 26 од ЗСЗД утврди дека тврдењето е веројатно и на 25.11.2021 година поднесе барање за изјаснување до Јавно сообраќајно претпријатие Скопје, од каде доби одговор заверен со архивски број 0801- 404/3 од 02.12.2021 година. Во одговорот на претставката ЈСП наведе дека на таа дата и за автобусот кој се обраќа на таа релација не е евидентирана поплака односно не е пријавен настан на физички или вербален напад врз патник. Во произнесувањето се побиваат и тврдењата на подосителот, дека бил приморан два пати да ја валидира пензионерската карта, за што од ЈСП приложија како доказ листа на трансакција за патникот [redacted]. Кон одговорот на претставката е приложена изјава од вработениот во ЈСП, возачот [redacted], кој го управувал автобусот во кој се случил опишаниот настан. Во изјавата, возачот наведува дека никогаш не нападнал или навредил патник, ниту навлегувал во конфликтни ситуации со патници. Напротив, важи за дисциплиниран вработен во Јавното сообраќајно претпријатие - Скопје.

Со оглед на наводите од претставката, наводите во поднесокот за произнесување по претставката и доказите кон истиот, КСЗД смета дека конкретниот случај не претставува вознемирување согласно чл. 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не е сторено веројатно дека евентуалното однесување и третман на вработениот на ЈСП кон

подносителот е врз основа на неговата возраст. Следствено на тоа, не постои основ за понатамошно постапување на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот.

Скопје
21.12.2021

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска